# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2011

**01 јануари 2011 – 31 декември 2011**

**на Здружението Мултикултура**

MULTIKULTURA

CIVICA mobilitas

...towards common values!

Издавач :
Здружение МУЛТИКУЛТУРА

За издавачот:
М-р. Вулнет ЗЕНКИ - Извршен Директор

Извршна канцеларија на организацијата :
Фисник Шабани -Програмски Раководител
Пранвера Касами-Раководител  на NCBI-M
Арлинда Мазлами-Програмски Асистент
Христина Василевска -Проект Асистент
Фитим Шабани-Финасиски Асистент

**www.multikultura.org.mk**
е-маил :info@multikultura.org.mk
адреса : Јане Сандански ,бр.48/1 ,1200 Тетово

Center for INSTITUTIONAL DEVELOPMENT - CIRa
www.cira.org.mk

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

"Оваа публикација беше овозможена во рамките на програмата CIVICA Mobilitas -  имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC".

# Вовед

Мултикултура во изминатите 11 години успешно ги застапува интересите на младите, но и на другите граѓани кои живеат во Тетово без пртоа да врши дискриминација по било која основа.

Со секоја измината година од своето работење Мултикултура бележи само успеси, она што ја одбележи 2011 се успешните проекти и резултатите произлезени од истите со што се оствари ја плановите и предвидените цели на организацијата. Младите се во фокусот на работење на Мултикултура, па токму затоа ти беа најмногу застапени во проектите и во целокупната работа.

Зближување на младите од различни етникуми во рамките на активностите, нивно запознавање, дружење и меѓусебно разбирање, претставува долгорочна цел на Мултикултура произлезена од мисијата: Градење на хармонично, мултиетничко општество.

Информирање на граѓаните за работата на граѓанскиот сектор и разбивање на митовите кои постојат во врска со оваа тема, беше цел на Мултикултура која делумно е остварена, но сепак остануваат и оние најскептичните граѓани да се убедат за корисноста од работата на Граѓанските организации, преку активности, настани и секако промовирање на постигнатите резултати.

Подигање на културниот живот во Тетово е целосно постигната цел, почнувајќи од Денот на Различности, настан кој предизвика задоволство кај сите граѓани, преку филмски проекции и дебати, Мултикултура успеа да создаде културна свест кај младите. Има многу работа на ова поле, но успех е тоа што младите развиваат свест за посета на културни настани, нешто што одамна беше изгубено.

Промоција на мирот меѓу младите, намалување на предрасудите и стереотипите кои водат до конфликти, сето ова е дел од работата на Мултикултура и останува како цел која треба да се остварува низ идните години. Младите се иднината на ова општество и токму затоа се фокус група на нашата работа, преку нив се врши индиректно влијание и на нивните родители.

Своите цели Мултикултура ги постигнува благодарејќи на донаторите и соработниците кои се составен дел од програмите на организацијата.

Во програмата за социјална инклузија на Ромите, проектите и активностите се имплементираат благодарение на РЕФ од Будимпешта, како главен донатор во соработка со Сонце од Тетово, како и NCBI од Швајцарија.



# Мултикултура




Програмата за мултиетнички културен живот во чии рамки се одвиваат многу различни проекти за исполнување на целите на Мултикултура во кои се вклучени младите е поддржана од NCBI Швајцарија, НПА,Општина Тетово, во соработка со локалните невладини организации, бидејќи се работи за корист на сите граѓани во Тетово, како и во соработка со Мировна Акција Прилеп и др.

Програмата за институционален развој на Мултикултура како и сите претходно наведени активности во најголем процент се поддржани од програмата Civica Mobilitas спроведена од страна на ЦИРа.



За поголема транспарентност на Мултикултура и поголема прегледност на работата на оваа организација, секоја година се објавува годишен извештај на остварени резултати. За 2011 година Мултикултура има остварено многу свои цели и резултати кои се успешни и корисни за сите. Токму затоа се издава овој Годишен извештај за 2011, за сите кои се заинтересирани за работата на Мултикултура да видат, кои и какви резултати се постигнати, какви промени се иницирани, кој го има крајниот бенефит од проектите и активностите и слично.

Сите предлози и критики поврзани со работата, целите и програмите на Мултикултура се добродојдени и ќе бидат внимателно разгледани!

# Civica mobilitas програмата

***Вовед:***

Здружението Мултикултура, за 2011 го доби институционалниот грант Civica mobilitas, кој е финансиран од Швајцарската агенција за развој, а се имплементира од Центарот за Институционален Развој – ЦИРа Скопје. Главна цел на Програмата за институционални грантови е да се зајакнат капацитетите на организациите од граѓанскиот сектор со цел управување со нивните организации на транспарентен, ефикасен и одржлив начин како и за градење на нивната стручна експертиза, со цел подобрување на нивното влијание во општеството и подобрен степен на обезбедување услуги.

Оваа програма подржуваа граѓански организации кои имаат за цел:

- Да практикуваат следење на работата на органите на локалната самоуправа, особено врз примената на начелата за еднаков пристап, правична распределба, недискриминација и ефикасност во давањето на јавни услуги,
- Да вршат надзор на финансиските, буџетските и сметководствени практики во јавните финансии, како и промовирање и поддршка на општествено одговорното работење во рамки на приватниот сектор,



- Да го поттикнуваат и развиваат меѓуетничкиот дијалог во сите сфери на општеството.

Со оваа програма се поттикнуваат организациите од граѓанскиот сектор да воспостават стратешки врски со различни чинители, особено чинителите од локалните заедници за да се обезбеди дополнителна поддршка во имплементирањето на активностите.

Мултикултура во рамките на оваа програма ја имплементираше годишната програма за 2011 која вклучуваше активности во следните сфери:

- Кадровски и Институционален развој на организцијата
- Имплементирање на конкретните проекти од други донатори
- Подобрување на имиџот на организацијата кон граѓаните и поттикнување на граѓански активизам и волонтерство
- Промовирање на различните културни вредности помеѓу етничките заедници на локално ниво.
- Зголемување на граѓанската партиципација во процесот на донесување на одлуки на локално ниво.

**Активностите во склоп на Civica mobilitas програмата**

***Кадровскиот развој на Мултикултура***

Во рамките на Civica mobilitas програмата во нашата организација се отворија две нови работни места, и тоа: раководител на годишнтата програма и асистент на програмата, со полно работно време, и еден асистент за проекти со пола работно време. Истотака институционалниот грант и олесни на нашата организација во аспект на покривање на кирија и други тековни трошоци, со што се овозможи една добра атмосфера за работење и фокусирање на подготвување на конкретни проекти за зголемување на нашите капацитети.



За време на оваа годишна програма бројот на активни волонтери во нашата организација се зголеми од 7 на 25 активни волонтери, кои подготвија и распоред за да преку секојдневно работење да дадат придонес во организацијата.

***Подготвување на стратешкиот план и годишната програма за 2012***

За институционалниот развој на нашата организација, конкретни активности беа предвидени за да се комплетираат стратешкиот план и годишната програма на Мултикултура. Се формираше група од 12 учесници, каде учествуваа, менаџментот на организацијата, финансискиот асистент, вработените, волонтерите и претставници од наши локални партнери. Се организираа две викенд сесии каде низ процесот на стратешкото планирање не водеше експерт за тоа поле. Учесниците беа многу активни, и придонесоја кон ефикасно работење за време на работилниците, со цел да се постигнат добри резултати на крај на сесиите. Овие две работилници се одржаа, првата на 04-05 Октомври 2011 а втората на 15-16 Октомври 2011 година. На крај на работилниците беа накратко дефинирани клучните точки на стратешкиот план и годишната програма, за потоа менаџментот на организацијата во соработка со експертот, за една недела да ги дефинира овие два документи. Овие документи се усвоени од страна на одборот на Мултикултура.



***Брендирање на Мултикултура*** - на почеток на 2011 година се одлучивме за подготовка на ново лого, папки, брошури и визиткарти, принтање на истите и нивна дистрибуција. Старото лого на нашата организација беше немодерно, боите беа проблем за комбинирање на логото со други дизајни и не го отсликуваше концептот и фокусот на нашата организација. Врз основа на оваа потреба, целта на нашата организација беше да се направи ново лого со што ќе се прават и нови дизајни на визиткарти, флаери и папки кои ќе идат во ист стил. Тоа и успеавме да го направиме и досега примивме доста пофалби за новото брендирање.



***Учество на средби за вмрежување*** – раководителот на годишната програма заедно со асистентот во текот на 2011, учествуваа на сите мрежни средби кои беа организирани од страна на Центарот за институционалниот Развој, било тоа да е дел од Civica mobilitas програмата или од друга програма. На овие средби имавме можности да се запознаеме со нови организации кои делуваат во Македонија, со нивните цели и досегашни искуства, и истотака имавме можност да најдеме добри партнери за нашите идни проекти, кои имаат национален или регионален карактер. Од страна на Civica mobilitas програмата беа организирани три такви средби каде учествувавме, а истотака учествувавме во две други средби за вмрежување.

***Подготвување и аплицирање со два нови коцепт проекти*** – тимот на Мултикултура за 2011 успеа освен да ги доработи сегашните проекти и планови за 2012, да подготви и два нови концепт проекти за 2012-2015 година. За месец август и септември, тимот имаше интензивна работа во канцелариите на Мултикултура, каде се работеше групно по сесии, и самостојно на конкретни точки на проектите. Се доработи проектот „НВО Градски Центар – Тетово“ каде како важен партер прифати да биде Општина Тетово. Проектот има за цел да ја институционализира комуникацијата на граѓанскиот сектор со општината и да го подобри граѓанското учество во процесот на донесување на одлуки на локално ниво. Вториот проект кој се подготви има за цел подобрување на капацитетите на младите за меѓуетничка соработка и развој на нивното општество, кој опфаќа тренинзи, работилници и студиски посети на младите средношколци од Тетово.

# РЕФ

## „Чекор напред за подобро образование на деца Роми“

НВО Мултикултура во партнерство со НВО Сонце, во периодот од 01 Јануари 2011 до 31 Декември 2011, спроведуваа проект насловен „Чекор напред за подобро образование на деца Роми“. Проект се одвиваа во 8 основни училишта во Тетово и Гостивар, каде учат поголемиот број на ученици Роми.

Главната цел беше да се зголеми присутноста и просекот на оценки на 248 Ромски ученици од 2, 3 и 4 одделение во 6 основни училишта во Тетово и 2 основни училишта во Гостивар.

Избрани беа 35 тутори, кои во текот на годината, работеа со овие ученици, се со цел подобрување на образовниот систем, што ќе биде од голема помош за овие деца што припаѓаат на Ромската етничка група, а на кои навистина им е потребна помош.

Како што беше планирано, туторите оддржуваа часови два пати неделно, во текот на целата учебна година, за да се зајакнат капацитетите на учениците и за подобрувањето на нивниот успех во следните четири предмети: албански јазик, македонски јазик, англиски јазик и математика.

Ние сите знаеме дека студентите, особено децата, треба да најдеш начин како да ги мотивираш, ако сакаш да се зголеми нивниот интензитет и желба за учење. Една форма на мотивација што ние ја користевме на почетокот на проектот т.е почетокот на новата учебна година, беше дистрибуција на училишни материјали за сите деца вклучени во овој проект.

Другиот начин за мотивација на децата што ние го користиме , беа едукативните квизови. Три квизови на знаење беа организирани во текот на проектот, преку кои можеше да се види подобрувањето на нивниот успех, и тоа во голем процент.

Како дел од активностите на овој проект, исто така беше и основањето на Советодавниот Одбор на проектот со членови од образовни институции, кои се сретнаа 4 пати во текот на имплементацијата на проектот.

**Активностите:**

***Средба со родителите и децата Роми во Општина Гостивар***

- Во рамките на проектот „Чекор напред за подобро образование на Ромските ученици", На ден 25 Март 2011 проектниот тим на РЕФ, организираше средба со родителите и децата Роми во Општина Гостивар. Учесници на овој состанок беа и претставници од општината. На ова средба беа присутни 46 родители заедно со нивните деца, а поголемиот број од нив беа родители на децата од второ одделение. На овој состанок беше дискутирано за вклучувањето на новите деца- второ одделенци, како и да се развијат работите со оддржување на туторските часови. Исто така се дискутираше и за успехот на децата на крајот на годината, во споредба со минатата година.



Родителите на децата од второ одделение потпишаа договор дека се согласуваат со проектот и ќе ги пуштат нивните деца да посетуваат туторски часови.

***Средба со родителите и децата Роми во Општина Тетово***

- На ден 20 Април 2011 (Среда) во просториите на Општина Тетово, се организираше средба за формална презентација на проектот „Чекор напред за подобро образование на деца Роми", финансиран од Ромски Образовен Фонд (РЕФ), Будимпешта. Претставници од НВО Мултикултура и Сонце,  ги известија присутните во салата, за планираните активности за проектот, успесите што ги постигнале од почетокот на учебната година за реализираните активности, и проблемите со кои се соочиле.

Присутни на состанокот беа истотака претставници од Општина Тетово, директорите на основните училишта во Тетово, туторите кои се дел од проектот, родителите и учениците Роми, за кого е наменет проектот.

Преку овој настан, присутните на состанокот, имаа можност да се запознаат со проектот, кој има големо влијание кај Ромската заедница.

***Квиз на знаење*** - Мултикултура во соработка со Сонце- Тетово и Месечина- Гостивар, има организирано три квиза на знаење за учениците Роми. Квизовите се дел од проектот „Чекор напред за подобро образование на деца Роми". Првиот квиз се одржа во О.У. Наим Фрашери, Тетово на ден 28 Април 2011, вториот квиз се одржа на ден 21 Мај 2011 во О.У. Единство, Гостивар а третиот квиз беше на 09 декември 2011 во О.У. Кирил и Методиј, Тетово.

Учесници на квизовите беа 36 деца Роми од 8 училишта во Тетово и Гостивар, кои беа поделени на 6 групи. Децата од второ, трето и четврто одделение има можност да одговарат на прашања соодветни за нивната возраст и да ги покажат своите знаења, кои што им биле пренесени од страна на туторите. На децата им беа доделени симболични награди.

***Мониторинг и дистрибуција на училишни материјали за децата Роми од проектот на РЕФ*** - Во рамките на проектот „Чекор напред за подобро образование на Ромските ученици", на учениците опфатени со проектот им беа поделени училишни материјали за да им се овозможи полесно следење на редовната настава и на туторските часови. 300 ученици Роми од 2ро до 4то одделение од основните училишта во Тетово и Гостивар добија училишни материјали. Воедно во рамките на дистрибуцијата на материјалите беше извршен и мониторинг на часовите на туторите, како тие пристапуваат кон децата, какви методи користат. Учениците беа запрашани за нивните искуства со туторите, дали се задоволни од нивната работа, но внимание им беше посветено и на туторите кои јасно ги изнесоја забелешките и проблемите со кои се соочуваат вршејќи ја својата работа. За секој тутор поединечно беше составен извештај, во кој беа наведени, квалитетите, слабостите и проблемите на туторите и учениците.





***8 Април-Светски Ден на Ромите*** - По повод 8 Април, Ромските ученици од сите основни училишта во Тетово што се дел од проектот „Чекор напред за подобро образование на деца Роми", го одбележа овој ден. Приредбата беше во рамките на проектот, а се оддржа во О.У. Гоце Делчев во Тетово, на ден 08 Април 2011, со почеток во 17:00 часот.

Учениците Роми покажа дека иако се маргинализирана група во Тетово, сепак и тие имаат таленти и вештини во драма, поезија и танц.

Настанот беше организиран од страна на туторите и учениците, а исто така имаа поддршка и од Мултикултура и Сонце. Многу гости присуствуваа на настанот, меѓу кои, родителите на децата, пријатели, директорите од сите училишта во градот, како и наставниците на децата.

***Средби на советодавниот одбор на РЕФ*** - Во рамките на проектот, во текот на целата година, оддржани се 4 средби со членовите на Советодавниот Одбор. Овие средби беа реализирани во просториите на Мултикултура, каде присуствуваа единаесет членови кои се дел од образовните институции во Македонија.



Темите за дискусии беа различни, почнувајќи од сите активности што беа реализирани, проблемите со кои сме се соочувале во целиот проект, достигнувањата на спроведените активности и др.

Сите одлуки за проектот беа донесени од страна на Советодавниот Одбор.

# NCBI програмата

NCBI програмата е составен дел на програмата за млади на Мултикултура, преку која младите се дружат меѓусебно, ги учат разликите помеѓу нив, но и сличностите. NCBI Македонија е огранок на NCBI од Вашингтон, за регионот на Балканот, соработката помеѓу NCBI и Мултикултура се одвива долги години наназад и до сега се остварени само успеси. Оваа програма предвидува:

Тренинг за тренери, претставува централна активност на оваа програма, овој тренинг е воден од страна на професионален тренер кој работи во огранокот на NCBI во Швајцарија. Целта е младите, преку тридневни активности да се обучат како да ги користат техниките на NCBI за разрешување на конфликти и за надминување на стереотипите и предрасудите. Тренингот се организира веќе 7 години и од него произлегуваат квалитетни и сертифицирани тренери.

Работилници за надминување на предрасуди и стереотипи и мирно решавање на конфликти, овие работилници се организираат и водат од страна на тренерите кои веќе го поминале тренингот и се запознале со техниките на NCBI, тие го пренесуваат своето знаење на студенти и средношколци преку симулирање на конфликтни ситуации.

Со новите проекти на NCBI, програмата оди еден чекор напред со тоа што се предвидени активности за градење на вештини за барање работа. Како и менторирање на деца Роми од градинките, за нивната култура и традиција.

Програмата на NCBI во рамките на Мултикултура има за цел луѓето да се запознаат едни со други, да ги разбијат табуата за мислењата кои ги имаат, а кои им се наметнати од блиските и заедно да ги разрешат конфликтите кои настануваат заради овие предрасуди и стереотипи. Младите имаат можност да се дружат и запознаваат далеку од напнатата атмосфера, на нивното секојдневие.

Преку оваа програма, младите учат нешто повеќе, создаваат нови пријателства кои не згаснуваат заедно со проектот туку продолжуваат да живеат. Токму затоа програмата на NCBI е од големо значење за развојот на меѓуетничките односи помеѓу младите, таа не дава само краткорочни резултати, туку резултати кои го следат животот на младиот човек и знаења кои се корисни и кои се пренесуваат.

## NCBI Активности за 2011

### *Анкета за корупција*

Анкетата беше спроведена од страна на 6 волонтерите на Мултикултура на почетокот на 2011 на репрезентативен примерок од 100 граѓани (ученици, студенти, вработени и невработени граѓани), како и на веб страната на Мултикултура www.multikultura.org.mk .Прашањата беа комбинирани од затворен и отворен тип. Анкетата беше спроведена во рамките на проектот на NCBI преку кој се анализираше состојбата со корумпираноста во општеството. Прашалниците беа анализирани од страна на Асистентот на проектот на NCBI, резултатите беа претворени во проценти и претставени во ексел табели. Резултатите беа повеќе од очекувани, корупцијата ја има во секоја сфера на човековото живеење, образование, здравство, судство. Повеќе од 60% од испитаниците се изјаснија дека најмалку еднаш од нив било побарано да платат за некоја услуга. Анкетата беше искористена и во рамките на брошурата на Мултикултура за корупција и нејзината застапеност во општеството и во сферите на секојдневното работење.

### *Работилница за надминување на стереотипите и предрасудите*

На 30 Јануари 2011 беше одржана првата работилница за 2011 година во соработка меѓу NCBI и Мултикултура. На оваа работилница беа присутни 17 млади од различни етнички заедници, кои разговараа за разликите кои ги разделуваат, но и за сличностите кои можат да ги приближат. Преку техниките на NCBI учесниците беа научени како да ги надминат стереотипите, кои во суштина не го претставуваат нивното мислење за другите, туку мислење наметнато од нивните блиски.



Како резултат на оваа работилница беа нови пријателства и нови знаења кај 17 млади луѓе, кои стекнатото знаење ќе го пренесат во своите училишта, а со тоа ќе се изврши влијание и врз учениците кои не учествувале на работилницата.

***Ден на различности***

Денот на различности одржан na 26ти Февруари 2011 година претставуваше еден нов настан за Тетово и неговите жители. Концептот и појдовната идеја беше граѓаните без оглед на нивната етничка, верска и национална припадност да се дружат меѓу себе и да научат нешто повеќе за нивните соседи, сограѓани. На овој настан посетителите се запознаа со различни традиции , различни јадења, ора. Свои штандови на овој настан имаа неколку граѓански организации, центрите за кариера на двата Универзитети во Тетово, каде можеше да се најдат корисни информации за нивната работа, нивната застапеност во општеството, услугите кои тие ги нудат и како може да се дојде во контакт со нив. Штандовите беа од вистинска корист како за помладите, така и за постарите, бидејќи на некој начин почнаа да се разбиваат табуата околу работата на организациите и тие станаа многу поблиски со граѓаните. Граѓаните со своето присуство ги почести и градоначалникот на Општина Тетово, кој одржа поздравен говор.



Овој ден беше вистински успех за Мултикултура, бидејќи повеќе од 300 луѓе го посетија настанот, се запознаа со културите кои живеат во градот и неговата околина, настанот преку изјавите на претставниците на Мултикултура и NCBI беше пренесен од страна на сите локални медиуми на албански и македонски, како и од националната АЛСАТ телевизија. Дваесеттина волонтери беа вклучени во организацијата на настанот и за нив ова беше ново и корисно искуство во смисла на менаџирање и одговорност.

Денот на различности прерасна во традиционален ден, за кој има интерес да се прошири и во другите градови на Македонија.

### *Работилница за предрасуди и стереотипи*

На 15.05.2011 беше одржана уште една работилница за надминување на предрасудите и стереотипите. Учесници беа 12 средношколци кои пројавија интерес да се запознаат со техниките на NCBI, но и да дознаат нешто повеќе за нивните врсници од другите етникуми. На овој тренинг младите се запознаа со специфичната техника на NCBI, играта на улоги, која овозможува преку симулирање на определена дискриминирачка ситуација, да се согледаат чувствата и реакциите на личноста која била дискриминирана. Играта на улоги најпрвин беше водена од сертифициран тренер, а потоа самите учесници ја продолжија, менувајќи ги своите улоги. Овие 12 учесници беа многу задоволни од начинот и пристапот за надминување на предрасудите и стереотипите со кои се среќаваат секој ден и на крајот дадоа симболично ветување деке веќе нема да им судат на луѓето пред да ги запознаат.




### *Работилница за решавање на конфликти*

Уште една од низата работилници на NCBI преку кои младите се учат како да ги надминат предрасудите и како да решат веќе започнат конфликт. Оваа работилница беше оддржана на 24 Јуни 2011 година со 15 млади луѓе од различни профили и групи. Оваа работилница беше поинаква од другите, бидејќи учесниците освен што се запознаваа и учеа нешто ново, тие имаа можност да се запознаат со теориите за настанување на конфликти. Овие 15 млади беа изненадени од тоа колку често со презентираните теории се среќаваат во нивното секојдневие. Она што ги поттикна на размислување беше пронаоѓањето на адекватни решенија, како да реагираат во една таква ситуација, како да излезат од неа пред да биде предоцна. Техниките на разговор со оној кој го започнува конфликтот беа позитивно прифатени од нивна страна и едногласно се согласија дека тоа најдобриот случај во конфликтна ситуација. Работилницата освен овие резултати, на Мултикултура и донесе и нови волонтери кои активно се вклучија во нејзината работа.

### *Подготовка на брошурата за Антикорупција*

Откако истражувањето за корупцијата беше спроведено, резултатите заедно со пропратни текстови напишани од страна на нашите волонтери, беше подготвена брошура на оваа тема. За избор на текстовите кои ќе ја сочинуваат брошурата беше одржана средба со 5 волонтери, на која внимателно се селектираа текстовите, кои најмногу одговараат на темата. Волонтерите даваа идеи, предлози, кои области се најинтересни за луѓето, и во кои области најмногу е застапена корупцијата. Текстовите кои беа селектирани зборуваа за корупцијата во образованието, како најинтересна сфера за младите, здравството, судството, потоа како да се избориме со корупцијата и сл. Брошурата содржеше и фотографии изработени од волонтерите кои ја доловуваа состојбата во која се наоѓа нашето општество. Оваа брошура остана во електронска верзија, но откако ќе биде одобрена ќе се отпечати и со резултатите како и со сегашната состојба ќе се запознае пошироката таргет група.




### *Работилници за проектни идеи*

Волонтерите кои веќе беа запознаени со работата на NCBI Македонија, беа повикани на две работилници за проектни идеи за двата идни проекти на NCBI. Работилниците се одржаа во текот на месец Август во просториите на Мултикултура. Присутни беа 12 волонтерите кои дадоја свои идеи и ги презентираа своите потреби, од двата состанока произлегоа и двете идеи за проектите на NCBI, кои беа прифатени и од наредната година започнуваме со нивна имплементација. Волонтерите кои беа заслужни за идеите активно ќе бидат вклучени во активностите, во смисла на организација и имплементирање на истите.

***Тренинг за тренери***

Овој тренинг веќе 7 години се одржува како резултат на соработката на Мултикултура и NCBI. Годинава беше организиран од 27 до 30 Октомври во Хотелот Лираку. Тренингот беше воден од експерт тренер обучен од NCBI во Вашингтон. Учесници беа 25 млади од 17-27 години, средношколци, студенти и дипломирани, кои се здобија со одлични познавања за тоа како се води работилница, каков треба да биде пристапот до учесниците, и ги анализираа проблемите со кои може да се соочат при водењето на истите. Сите 25 учесници добија сертификати и со тоа станаа сертифицирани тренери на NCBI за водење работилници на теми поврзани со надминување на предрасуди и стреотипи, ненасилан комуникација, како и мирно разрешување на конфликти. За сите нив ова беше одлично искуство, а за Мултикултура значеше нови кадар, нови тренери кои ќе бидат вклучени во програмата на NCBI за водење на работилници.





# Регионален проект „Регионални младински акции против Дискриминација“

## Донатор :NPA

НВО „Мултикултура“ на Попова Шапка организираше активност: „Работни кампови со македонски и албански студенти“, на која учествуваа студенти, средношколци, претставници од Локалната самоуправа, медиуми, професори.

Тема на активноста беше „Антидискриминацијата и толеранцијата меѓу младите во регионот на Општина Тетово“.

На овој настан се дебатираше и за состојбата на меѓуетнички план и односите меѓу Албанците и Македонците во Универзитетите и средните училишта во нашиот град. За проблемот што го има гимназијата во Тетово за поделените паралелки. Се формира тим кој ќе разговара со управата на училиштето за да се вратат старите термини во кои ќе учат заедно учениците Албанци и Македонци. Тимот се формира од тројца претставници: НВО претставник, од Локалната самоуправа, професор од гимназиското средно училиште.




Беше разговарано за дискриминацијата што се прави во учебниците на албански јазик, за дискриминацијата што им се прави во делот на историјата на албанскиот народ, дискутиравме за енциклопедијата и проектот „Скопје 2014“, за дискриминацијата што им се прави на другите етнички групи.

Заклучоците ќе се испратат до сите релевантни институции во градот (Општина, Министерство за образование и други релевантни институции во земјата).

На настанот присуствуваа 25 учесници.

***Во Хотелот „Славија“ на Попова Шапка се одржа работилница „Работни кампови со македонски и албански студенти 2“ во организација на НВО Мултикултура-Тетово***

На работилницата присуствуваа: Извшниот Директор на НВО“Мултикултура”Вулнет

Зенки, Сонце” Ферди Исмаили, НВО “ИРЗ” Сретен Коцески, и други членови на НВО “Мултикутура”, раководител за јавни дејности Иљаз Халими Општина Тетово, претставник на НВО “Мултимедиа” Скопје, претставник на институции во Тетово, професори, студенти, средношколци, ТВ Коха и ТВ Менада. Претставниците беа Албанци, Македонци, Роми и Турци.

Целта на работилницата беше, да ги доведеме заедно да разговараат претставници на различни институтции на Град Тетово и од различна етничка припадност, различна возраст, различни области, и на овој начин да се разговара за дискрминацијата што се прави во нашиот град, и да се отстрани истата.

Работилницата повеќе се водеше кон тоа што е и колку е присутна кај нас дискриминацијата. Имаше презентации околу ова, како да се подигне свеста на луѓето и каде да бараат правда, што значи дискриминацијтата и дека и невладиниот сектор се обидува да направи се повеќе вакви настани, што би помогнале за истата да не биде повеќе присутна.

Во иднина е пожелно да се направат се повеќе вакви активности кои ќе водат кон редуцирање на дискриминација.



***Постигнати резултати од годишната програма за 2011 од ЦИВИЦА Мобилитас***

1. Подобрен успехот кај 250 деца роми од основните училишта во Тетово и Гостивар
2. Зголемен број на активни волонтери ( од 7 во 2010, на 25 во 2011)
3. Воспоставени две нови соработки со нови донатори (РЕФ и Министерство за надворешни работи на Норвешка), и во тек сме на завршување на апликација и очекуваме да имаме позитивни одговори за конкретни проекти
4. Подобрена соработка со основните училишта и нивниот кадар во Тетово и Гостивар
5. Изготвена Стратегија за култура за 2012 на Општина Тетово
6. Обучени 25 тренери за решавање на конфликти и надминување на предрасуди и стереотипи
7. Изготвен Стратешки План за 2012-2015 и Годишна Програма за 2012 за Мултикултура





## *Фокусот на очекувани и иновативни резултати за 2012*

***1. Институционален развој на Мултикултура***

- јакнење на човечките ресурси
- добивање нови проекти
- дополнување и измени на постоечките правни документи
- изготвување на ПР стратегија

***2. Јакнење на довербата во граѓанскиот активизам***

- зголемна иформираност на граѓаните за граѓанскиот активизам
- доближување до проблемите на граѓаните
- поголема свест кај децата и младите за нивните права

***3. Развој на политики на локално ниво***

- комплетирана предлог стратегија за култура и за локални единици
- зголемена свест на граѓаните за нивната улога во процесот на донесување одлуки
- подобрена и поефикасна соработка на граѓанскиот сектор и локалната самоуправа




11 years
MULTIKULTURA

*different colors*
*different nations*
*different cultures*
*inside one NGO*
*Multikultura*

MULTIKULTURA

**address:** Jane Sandanski 48/1; (p.fah. 142);
1200 Tetovo, Macedonia
**Tel.:** +389 44 522 355
**e-mail:** info@multikultura.org.mk

**www.multikultura.org.mk**